Врз основа на член 25 став 1 и член 28 став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 6 став 2 и член 36 од Законот за референдум и други облици на непосредно одлучување на граѓаните („Службен весник на РМ“ бр. 81/05) и член 66 став 1 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11 и 04/15), Советот на Општина Богданци на седница одржана на 03.05.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## за распишување на референдум на локално ниво

### Член 1

Советот на Општина Богданци распишува референдум за подрачјето на Општина Богданци заради изјаснување на граѓаните околу отварањето на рудници за метални минерални суровини на територијата на Општина Богданци.

Советот на Општина Богданци го распишува референдумот од претходниот став по сопствена иницијатива.

### Член 2

На референдумот на локално ниво граѓаните на Општина Богданци ќе треба да се произнесат по однос на две прашања и тоа:

Прашање 1. „Дали сте ЗА или ПРОТИВ продолжување со работа на рудникот и рударскиот комплекс „КАЗАНДОЛ“.

Прашање 2. „ Дали сте ЗА или ПРОТИВ отварање на рудници и рударски комплекси за метални минерални суровини на територијата на Општина Богданци“.

### Член 3

Изјаснувањето по првото референдумско прашање од член 2 на оваа одлука се спроведува со цел граѓаните на Општина Богданци да одлучат дали да продолжи со работа рудникот и рударскиот комплекс „КАЗАНДОЛ“ чиј дел од локалитет се наоѓа и на територијата на Општина Богданци.

Изјаснувањето по второто референдумско прашање од член 2 на оваа одлука се спроведува со цел граѓаните на Општина Богданци да одлучат дали ќе дозволат да се отвараат рудници и рударски комплекси од отворен тип на експлоатација на метални минерални суровини на компании кои што на територијата на општина Богданци ќе вршат детални геолошки истражувања.

### Член 4

Одлуката на референдумот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број кои што гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список на Општина Богданци.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

### Член 5

Доколку на референдумот граѓаните се изјасната против продолжување со работа на рудникот и рударскиот комплекс „КАЗАНДОЛ“, Советот на Општина Богданци ќе ги извести надлежните државни органи за донесената одлука и за поништување на даденото позитивно мислење за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини

бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран, издадено од страна на Градоначалникот на општината.

Доколку на референдумот граѓаните се изјаснат против отварање на рудници и рударски комплекси за метални минерални суровини на територијата на Општина Богданци, Советот на Општина Богданци ќе ги извести надлежните државни органи за донесената одлука при одлучување за идните постапки за добивање на концесија за експлоатација на метални минерални суровини на територијата на Општина Богданци.

**Член 6**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи на ден 11 јуни 2017 (недела) година, а гласањето ќе се спроведе во периодот од 07 до 19 часот.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинската изборна комисија Богданци и избирачките одбори.

**Член 8**

Средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Богданци за 2017 година во висина од 600.000 денари.

**Член 9**

По еден примерок од одлуката да се достави до Општинска изборна комисија Богданци и Државна изборна комисија.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Богданци“, а ќе се објави и на огласна табла на Општина Богданци и веб страната на Општина Богданци.

**Бр.08- 723/3**
**03.05.2017 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Совет на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општината
БОГДАНЦИ
ОПШТИНА БОГДАНЦИ